ЕСЕ
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
ул. Максим Горки 20/1-4,
1000 Скопје, Р. Македонија
• Тел. 02 3298 295
• Факс 02 3211 453
esem@esem.org.mk
administration@esem.org.mk
www.esem.org.mk

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ
Бр 0306-378/2
16-06-2020 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 16-06-2020
Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numer:

**До:**
Оливер Спасовски, претседател на Владата на РСМ

**ПРЕДМЕТ:**
Барање за постапување на Владата и јавните институции и преземање конкретни акции, по однос на поднесени единаесет барања за подобрување на положбата на ранливите групи на граѓани во услови на социо-економска криза предизвикана од COVID-19

Почитуван г-дин. Оливер Спасовски,

Во текот на **изминатите три месеци, група од 12 граѓански организации** кои работат на полето на унапредување на: состојбите во ромските заедници, пристапот на жените и Ромите до јавно здравствени и социјални услуги, положбата на жените и унапредување на фискалното работење на јавните институции, постојано се на терен со цел да им излезат во пресрет на потребите на најранливите граѓани и им помагаат во справувањето со последиците од пандемијата.

Имајќи целосен увид во состојбата и потребите на најранливите, **доставивме единаесет барања со конкретни предлози за активности кои е неопходно да бидат преземени од** одговорните институции - Владата на РСМ, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, кризниот штаб на Владата, локалните самоуправи, Министерот без ресор одговорен за комуникации и транспарентност, и Министерството за внатрешни работи.

Во овој период доставивме:

- четири барања за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со КОВИД-19 во супстандардните населби и супстандардните живеалишта во Р. С. Македонија (02 април, 09 април, 15 април, и 22 април);
- три барања за преземање на итни мерки за заштита на жените кои претрпеле семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба (27 март, 03 април и 10 април);

- две барања за унапредување на транспарентноста во прибирање и трошење на средствата од јавни давачки, донации и грантови наменети за справување со пандемијата на COVID-19 (12 мај и 22 мај);
- едно барање за побрзо решавање по однос на барањата за брз пристап кон гарантирана минимална помош (06 мај);
- едно барање за распишување на јавен оглас за нови концесионери за матични лекари и гинеколози, во амбулантата во Шуто Оризари (06 мај).

Во меѓувреме, со цел да го помогнеме одговорот на Владата на РСМ за надминување на последиците од пандемијата, активно и конструктивно учествуваме во работни групи, координативни состаноци со јавни институции и помагаме во работата на јавните институции на терен.

За жал, независно од нашите напори, **изостана навремено и соодветно постапување на јавните институции. Состојбата на најранливите граѓани е влошена, особено во последниов период на неконтролирано и алармантно зголемување на бројот на заболени.** Погоре споменати барања и препораки за постапување според потребите на најранливите граѓани, се уште повеќе релевантни во новонастанатата ситуација.

Оттука, **од Вас бараме, веднаш да ги разгледате барањата и препораките за постапување на институциите, итно да побарате од институциите да преземат активности со кои ќе се обезбеди соодветен одговор.** Барањата и препораките се достапни на: https://fosm.mk/current-project/barana-i-preporaki-isprateni-do-nadlezhnite-instituczii-za-prezemane-itni-merki-za-zashtita-vo-uslovi-na-kriza-i-vonredna-sostojba/

Во меѓувреме, и понатаму ќе продолжиме со внимателно следење на вашите активности и како и секогаш, ќе останеме подготвени за соработка и помагање на институциите.

Со почит,

1. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје
2. Здружение за развој и унапредување на ромската заедница - Романо Чачипе, Шуто Оризари
3. Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - ИРИЗ, Шуто Оризари
4. Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т. – Прилеп
5. ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје
6. Иницијативата на жените од Шуто Оризари, Скопје
7. Здружение Национален Ромски Центар – НРЦ, Куманово
8. НВО КХАМ, Делчево

9. Асоцијација за демократски развој на Ромите - СОНЦЕ, Тетово
10. Фондација ИДЕА Југоисточна Европа
11. НВО ,,ЛИЛ"-Скопје
12. Фондацијата Отворено општество - Македонија

Лице за контакт:

Дарко Антиќ
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ
ул. Максим Горки бр. 20/1-4
e-mail: dantik@esem.org.mk
тел: 02/ 3298 295